

НУУБ „Св. Климент Охридски„ - Битола го празнува 4 Ноември - Денот на ослободувањето на градот Битола, заедно со учениците од ООУ „Елпида Караманди“ - Битола.

По повод 4 Ноември - Денот на ослободувањето на градот Битола, учениците од ООУ „Елпида Караманди“, под менторство на наставничката по македонски јазик Сузана Петковски, ни прочитаа прекрасни лични творби посветени на овој празник на градот.
Активноста се одвиваше во кабинетот по македонски јазик и во училишната библиотека кои беа украсени во духот на денешниот празник и Месецот на книгата.
Детските срца kријат волшепство. Иако родени децении после историското ослободување, подеднакво сочувствуваат со настаните од тој период и се горди на ослободувањето. Во секој нивен збор се чувствува магијата на убавините на нашиот град Битола.
Голема благодарност до учениците кои зедоа учество во денешната активност, до менторот Сузана Петковски и до директорката Татјана Дамчевска.

Повеќе од овој настан на следниот линк: NUUB Facebook